CORE Metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

FILOLOGIJA 46—47
Zagreb 2006

UDK 81'373.46
811.16'373.46:929 Prličev, G.
811.16:001.4
Izvorni znanstveni članak
Primljen 6.III.2006.
Prihvaćen za tisak 26.VI.2006.

Елка Јачева-Улчар
*Институт за македонски јазик*
*»Крсте Мисирков«*
Скопје, Македонија

# ТЕРМИНОЛОГИЈАТА ВО *КРАТКАТА СЛОВЕНСКА ГРАМАТИКА* ОД ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Во рефератов станува збор за една од најмаркатните фигури на македонскиот XIX век, за ерудитот, полиглотот и поетот Григор Прличев. Во фокусот на нашето интересирање се најдоа лингвистичките термини и погледите што ни ги презентира авторот во *Кратката словенска граматика*, којашто Прличев ја создал со цел таа да биде поттик за создавање на една пообемна која би помогнала во слевањето на словенските дијалекти во еден »општ« кој би се користел од писателите. Од приложениот материјал се гледа дека Прличев при пишувањето на својата Граматика доследно ја следел традицијата на руската лингвистичка терминологија.

Пред да преминеме *in medias res*, не ќе биде отповеќе да кажеме неколку збора за самиот автор на *Кратката словенска граматика*, Григор Прличев.

Григор Прличев е роден во Охрид 1830 година во сиромашно охридско семејство. Основно грчко училиште завршил во Охрид, каде што извесно време му бил учител преродбеникот Димитар Миладинов, кон кого тој негува особени чувства, а што е евидентно од неговата *Автобиографија*[1]. Со намера да студира медицина, во 1849 година, заминува во Атина, од каде што се враќа веќе следната година: ги прекинува студиите во недостиг од финансиски средства. По враќањето во татковината, станува учител најпрво во охридското

[1] Григор С. Прличев, *Автобиографија, Сердарот*, Скопје 1953.

село Белица, а потоа и во Охрид, каде што останува сè до 1859 година, кога повторно оди во Атина да ги продолжи студиите. Во 1860 година се пријавува на поетскиот конкурс во Атина со поемата *Сердарот* и добива прва награда и лавров венец. Го стекнува квалификативот δεύτερος Ὅμηρος (втор Хомер), а добива и понуда за стипендија со која би можел да ги продолжи студиите во Оксфорд или во Берлин. Но тој одбива, бидејќи во тоа време под влијание на движењето против грцизмот во Македонија, кај младиот, горешт елинофил почнува нешто да се крши. Веста за насилната смрт на браќата Миладиновци во цариградските темници ќе го предизвика кај него донесувањето на цврстото решение: »Да гинам или да одмаздам за Миладиновци.«

Кога се враќа во Охрид, Прличев повторно станува учител и ја продолжува работата на Димитар Миладинов против Цариградската патријаршија. Наклеветен од истиот оној владика Мелетиј, што го беше испратил Димитар Миладинов во смрт, Прличев е затворен во ноември 1868 година и фрлен во злогласните дебарски зандани. Овде во затворот, тешко се разболува, па ќе биде пуштен во почетокот на 1869 година. Од 1874 година Охридската епархија преминува под власта на Егзархијата. Прличев го спечалува непријателството на првиот егзархиски владика во Охрид, Натанаил, како и на неговата средина. »Решив сам да го истресам правот од своите нозе и да одам во Софија« — вели тој во својата *Автобиографија*. Во школската 1879/1880 година е поставен за професор во Габрово, потоа за чиновник на Народната библиотека во Софија. По свое барање повторно е преместен во Македонија, каде што учителствува во Битола, Охрид и Солун. Умира во истиот месец кога е и роден, во месец јануари 1893 година, во Охрид[2].

Во текот на својот динамичен и мачен живот, покрај поемата *Сердарот*, ја напишал и поемата *Скендербеј*. Автор е и на неколку песни за деца[3], како и на еден еден говор против елинизмот, одржан пред неговите сограѓани во 1866[4], на својот роден охридски говор. Текот на својот трнлив животен пат, чиј главен белег е борбата против грч-

---

[2] Биографските белешки за Г. Прличев ги користевме од книшката Конески 1950:25–26.

[3] Тодоровски 1989.

[4] Конески 1966, Цукески 1981–82.

ките фанариоти[5] и горештата желба за обединување на словенскиот свет го прикажал во својата *Автобиографија*. Како полиглот и голем ерудит кој познавал повеќе јазици (пасивните: грчки, латински и старословенски; романските: француски и италијански; словенските: руски и бугарски; како и на балканските: албански и турски), не му било тешко книжевностите, создадени на овие јазици, да ги чита во оригинал[6]. И не само тоа. Тој се јавува и како преведувач. Така, неодамна во нашата средина, од приредувачот д-р Анастасија Ѓурчинова се појави (2002) монографскиот труд насловен како *Прличев и Ариосто*, на чии страници, покрај обемната студија од приредувачката, е даден Прличевиот превод на *Бесниот Орландо* од Ариосто, на јазик само нему својствен, јазик кој претставува еден вид општословенско коине, како и верзијата на истиов превод на македонски стандарден јазик и правопис.

Во фокусот на нашиот интерес, по овој повод ќе се најде *Кратката словенска граматика*, »очртана«, како што вели самиот автор, од Григор Прличев[7], или уште поконкретно терминологијата, што ја употребува нашиот преродбеник во неа.

Од фототипското издание на *Кратката словенска граматика* констатираме дека таа е напишана на 18 страници со ситно курзивно писмо. На првата страница под ***а***, ***б*** и ***в*** се наредени целите според кои се раководел авторот при пишувањето на граматиката. Имено, *Кратката словенска граматика*, како што вели самиот Прличев, е создадена за самоуки што сакаат да ги разбираат словенските книги, за учениците што сакаат да ја изучат граматиката брзо, како и за поттик на учените да создадат, како што вели самиот *пространа*, т.е. по-

---

[5] Фанариоти – владици и други црковни големци со грчко потекло кои служеле во Македонија во XIX век, големи борци против преродбата на македонскиот народ и активни учесници во неговото асимилирање (елинизирање).

[6] За ова повеќе во: Јашар-Настева 2000.

[7] Во текот на работата ги користевме фототипското издание на *Кратката словенска граматика* издадено во Битола во 1992 од приредувачите: Наум Целакоски и Димитар Смилески, како и изданието на оваа граматика од 1994 година, печатено во Охрид по повод сто и една година од смртта на Прличев, во кое се поместени расчитаниот текст на *Кратката словенска граматика*, како и преводната варијанта на истава граматика на стандарден македонски јазик, како и статиите на приредувачите на ова издание: »Прличев како филолог« од проф. д-р Димитар Пандев и »Лингвистот Григор Прличев« од проф. д-р Драги Стефанија.

обемна која ќе послужи да ги слее словенските наречја во едно »општо«, кое ќе може да се употребува од писателите. На крајот е наведено и Прличевото мото кое е во духот на пансловенската идеја, во која изгорел самиот тој, а кое гласи: *Единството на јазикот носи единство и сила на народите*. По ова следува списокот на кратенките според азбучниот редослед, при што се наведени 22 кратенки.

Самата *Граматика* ги опфаќа следниве поглавја: *За изговорот, Поделба на зборовите на групи, Својства на зборовите, Општи белешки за промената на именките, Трите промени на именките, Белешки за првата промена, Белешки за втората промена, Белешки за третата промена, Придавки, Придавки: Бројни, Промена на заменките, Глаголи, Неправилни глаголи, Партиципи, Синтакса, Предлози, Инфинитив и Партицип.*

Во главата *За изговорот*, односно како што ја насловува Прличев *За произношение-то*, авторот се осврнува врз фонемскиот систем на од него замислениот општословенски јазик, при што самогласките, односно вокалите, ги именува како *гласны*, а согласките т.е. консонантите како *съгласны*.

Второто поглавје, во кое Прличев прави поделба на зборовите врз морфолошки принцип, од него самиот е насловено како *Раздѣление думы-те на Классовы*, содржи дефиниција за секој вид зборовна група. Па така, »именки (*сѫществителны*), се викаат имињата на предметите и сѐ што се поврзува со нив«; придавките т.е. *прилагателны* покажуваат качество. Според Прличев, именките и придавките, општо се нарекуваат *и м и њ а*. Во продолжение ги наведува формите од членот *-от*, при што вели: »Членове сѫ: ТЪ за мѫжки, ТА за женскы, ТО за срѣдни имена«. Заменките, кои се дефинирани како зборови коишто се употребуваат наместо имиња, од Прличев се наведени како *мѣстоимения*. Глаголите, кои покажуваат 1. Дејство (дѣйствіе), 2. Состојба (страданіе), 3. Ни дејство ни состојба (ни дѣйствіе ни страданіе), 4. И дејство и состојба (и дѣйствіе и страданіе), може да бидат 1. активни (дѣйствителны), 2. пасивни (страдателны), 3. средни (срѣдни) и 4. повратни (възвратны), се нарекуваат исто глаголи, или според Прличевиот правопис, оваа зборовна група во нејзината членувана форма, гласи: *глаголы-тѣ*. Активните и пасивните партиципни форми се насловени како *причастие*. Предлозите, кои како што вели Прличев »показвать отношения между прѣдметы-тѣ«, се нарекуваат *прѣдлозы*, прилозите – *нарѣчия*, сврзниците – *съѭзы*, а извиците, коишто според авторот изразуваат страст, – *междометія*.

Во третото поглавје насловено како *Свойства на думы-тѣ* авторот ги наведува категориите коишто ѝ се иманентни на секоја зборовна група одделно. Така, на имињата (именки и придавки) им се иманентни категориите род (*родъ*), број (*число*) и падеж (*падежъ*). Имињата на падежите ја следат руската традиција, па така за номинатив Прличев употребува *Именителный*, за генитив – *Родителный*, за датив –*Дателный*, за акузатив – *Винителный*, за инструментал – *Творителный*, а за локатив – *Прѣдложенъ*. Вокативот, кој во рускиот јазик формално не постои, Прличев го нарекува *звателенъ*.

Глаголите, како што истакнува Прличев, »наместо падеж« имаат лица: *първо*, *второ* и *третё*, потоа два броја (*числа*): еднина (*единствено*) и множина (*множествено*), како и времиња (*врѣмена*): сегашно време (*врѣмя настояще*), несвршено време (*врѣмя неОкончятелно*), свршено време (*врѣмя Окончятелно*) и идно време (*врѣмя бѫдѫще*).

Во следното поглавје насловено како *Общи бѣлѣжкы върху Склонения-та на Сщ*, авторот на *Кратката словенска граматика* зборува за деклинацијата (*Склонение*) на именките, при што разликува три деклинации. Во рамките на ова поглавје се осврнува врз категориите одушевеност : неодушевеност и соопштува дека разликува три деклинации.

Следните поглавја насловени како: *Бѣлѣжкы върху Първо-то Склонение, Бѣлѣжкы върху второ-то Склонение, Бѣлѣжкы върху третё-то Склонение, Прилагателны, Числителны, Склонение на Мѣстоимения--та, Глаголы, Неправилны глаголы, Причястія*, од терминолошка гледна точка не носат ништо ново, или поточно речено не воведуваат нов термин кој погоре не беше споменат.

Во поглавјето за *Синтаксата*, кое Прличев го насловува како *Словосъчинение*, Прличев ја дефинира реченицата (*прѣдложеніе*) како »целосно изречена мисла«. Во ова поглавје е споменат подметот како еден од главните реченични членови за кој тој го употребува терминот *подлогъ*, како и глаголот копула сум, за кој го употребува терминот *связка*. За инфинитивната форма на глаголоте, пак, е употребен терминот *неопрѣдѣлително*.

Од сè што беше кажано досега во врска со употребената терминологија од страна на Прличев, при составувањето на општословенската *Кратка словенска граматика*, може да се заклучи дека тој многу доследно ја следел и ја употребувал руската јазична терминологија. Извесни отстапувања, во оваа смисла, односно креација од самиот автор на оваа *Граматика*, согледуваме при именувањето на паде-

жите и минатите глаголски времиња. Со оглед на тоа што, како што рековме и порано во рускиот јазик не постои посебен термин за именување на вокативот, зашто овој падеж според формата се совпаѓа со номинативот, Прличев овој падеж го насловил како *звателенъ*. Во однос на глаголските времиња, можеме да кажеме дека Прличев, како грамотен човек ја согледал потребата од дистинкцијата на имперфектот и аористот, па затоа и ги вовел термините *врѣмя неОкончятелно*, односно *врѣмя Окончятелно*, со оглед на тоа што во рускиот јазик се генерализирала една форма за минато време, која во науката е позната како словенски перфект.

И покрај тоа што, некои проучувачи на Прличевиот опус, правењето граматика од негова страна на еден општословенски јазик, го сметат за негов неуспешен обид, за кој и самиот Прличев вели »може да е сон, но е нужда голема«[8], сепак оваа граматика има свое значајно место во македонистиката и во славистиката, воопшто. На оваа значајност во јубилејното издание по повод 101-годишнината од смртта на Прличев, пред петнаесетина години укажаа самите приредувачи на истово издание, проф. д-р Димитар Пандев и проф. д-р Драги Стефанија. Според Д. Пандев, од една страна, со оваа граматика се отвораат нови погледи кон јазикот на Прличев[9], а од друга, преку неа се следи развојот на македонската филолошка мисла во контекстот на македонската преродба, како и поконкретно филолошкиот профил на Прличев. Со ова, смета Пандев, »од историски аспект се надополнува мозаикот на почетоците на македонската филологија, преку надоврзување на низа македонски филозофи, чии јазични погледи јасно ќе се искристализираат преку делото на Мисирков. Таа група македонски учебникари и македонски филозофи (некои од нив воспитаници на славистички центри во Русија) јасно го определуваат македонскиот јазик. Во тој контекст, преку јазичниот материјал претставен во *Граматикава*, слободно можеме да го поставиме Прличев на самите почетоци на македонската филологија«[10]. Д. Стефанија, пак, од своја страна, укажува дека појавата на Прличевевата граматика во никој случај не смее да се толкува како неуспех или пораз. Напротив! »Вакви „порази“«, вели Стефанија, »забележуваме во повеќе словенски земји од 19. век, па и пора-

---

[8] Цитирано според Д. Стефанија, оп. цит., 65.

[9] *Op.cit.* 63

[10] *Op.cit.* 61.

но. Такво е, на пример, Илирското движење со истоимениот јазик за хрватскиот, што го водеше Људевит Гај или општословенскиот потег на Словенецот Матија Мајар Зилски, како елемент за национален излез во тогашниот противсловенски безизлез; па Тарас Шевченко во Украина и неговото неприфаќање на универзалната употреба на рускиот јазик со што воскресна украинскиот; книжевно-лингвистичките погледи на Адам Мицкиевич, кои се стремеа кон создавање на славистички центар во Полска. Русофилството што се негуваше во шеесеттите години на XIX век, а него го прифатија многу општословенски движења, тежеше кон создавање на голем еднојазичен културен простор што би се протегал од Владивосток до Трст и од Гдањск до Солун. Тоа, навистина не се оствари, но тогаш започна општословенската заемна соработка, на многу, скоро одродени словенски народи, коишто подоцна изградија сопствени книжевни јазици. Тие европски појави покажаа дека идејата на Григор Прличев не е ни осамена, ни неприфатлива. Тоа е само дел од патот што го минаа Македонците пред да стигнат до создавање на свој книжевен јазик«[11].

## Литература

Ѓурчинова, Анастасија. 2002. *Прличев и Ариосто — за смеата и меланхолијата.* Скопје : Магор.

Јашар-Настева, Оливера. 2000. Местото на романските и балканските јазици во творештвото на Григор Прличев. Во: *Зборник од Првите романистичко-балканистички средби — во чест на Божидар Настев.* Скопје : Филолошки факултет »Блаже Конески«. Стр. 73–100.

Конески, Блаже. 1950. *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови).* Скопје : Државно книгоиздателство на НР Македонија.

Конески, Блаже. 1966. Еден говор на Григор Прличев од 1866 година. *Македонски јазик* XVII(1966), 206–215.

Пандев, Димитар, Драги Стефанија. 1994. *Кратка словенска граматика* (по повод сто и една година од смртта на Г. Прличев). Охрид : Радио Охрид.

Прличев, С. Григор. 1953. *Автобиографија, Сердарот.* Скопје : Издавачка куќа »Кочо Рацин«.

Смилески, Димитар, Наум Целакоски. 1992. *Кратка словенска гра-*

[11] *Op.cit.* 65.

*матика* (фототипско издание). Битола : Радио Охрид – Охрид; БИД »Мисирков«.

Тодоровски, Гане. 1989. Прличев како детски поет. Во: *Македонската поезија XIX век*. Прир. Р. Силјан. Скопје : Македонска книга. Стр. 466–467.

Џукески, Александар. 1981–1982. Јазикот на Григор Прличев во една негова беседа од 1866 година. *Македонски јазик* XXXII—XXXIII (1981—1982), 805–816.

## Terminologija u *Kratkoj slavenskoj gramatici* Grigora Prličeva

### Sažetak

U članku se govori o jednom od najvećih erudita, poliglota i pjesnika makedonskoga XIX. stoljeća, Grigoru Prličevu. U fokusu interesa našli su se jezikoslovno nazivlje i pogledi prikazani u Kratkoj slavenskoj gramatici koju je taj autor napisao s ciljem da ona bude poticaj za stvaranje jedne opsežnije knjige i koja je trebala poslužiti slijevanju slavenskih dijalekata u jedan opći koji bi bio koristan za pisce. Iz priložene se građe vidi da je Grigor Prličev prilikom pisanja svoje Gramatike dosljedno išao tradicijom ruske lingvističke terminologije.

## Terms in Grigor Prličev *Short Slavic Grammar*

### Summary

This article is about one of the greatest Macedonian errudites, polyglots and poets of the 19th century, Grigor Prličev. Our interest focused on grammatical nomenclature and opinions presented in *Kratka slovenska gramatika* (*Short Slavic Grammar*), which Prličev wrote in order to encourage the making of a larger book that could have the use of merging the Slavic dialects in one "main", which could be useful for writers. From the available material it is obvious that while writing his *Grammar*, Prličev consistently followed the tradition of Russian linguistic terminology.

Ključne riječi: makedonski jezik, južnoslavenski jezici, gramatika, Grigor Prličev

Key words: Macedonian language, South Slavic languages, grammar, Grigor Prličev